Прашања и одговори бр. 1

Четвртиот повик за финансирање техничка документација за општински инфраструктурни проекти

1. Дали една апликација може да опфати урбанистички проект вон населено место (УПВНМ) и основен проект за една градежна парцела?

Одговор: Да. Урбанистички проект вон населено место (УПВНМ) и основен проект може да бидат опфатени во една апликација ако се дел од комплетната техничка документација за истата инфраструктурна целина, неопходна за обезбедување одобрение за градење. Самостоен урбанистички проект не се финансира. Во временскиот план треба да се предвиди времето за изработка и одобрување на УПВНМ, за основниот проект и за другите потребни елаборати и согласности.

2. Дали се финансира изработка на техничка документација за адреналински парк?

Одговор: Да, доколку станува збор за јавен спортско-рекреативен објект во надлежност на општината, во општинска сопственост или на државно земјиште за кое општината има соодветно право на користење. Проектот треба да има јасна јавна намена и да бара техничка документација за обезбедување одобрение за градење. Не се поддржуваат проекти во приватна сопственост или инфраструктура што служи исклучиво на еден приватен корисник.

3. Дали проектот треба да има расчистени имотно-правни односи? Како и во која фаза се докажува тоа?

Одговор: Да. При аплицирањето се доставува потпишана изјава дека нема нерешени имотно-правни пречки за подготовка и реализација на проектот. Имотен лист се приложува ако е достапен; неговото недоставување само по себе не е причина за исклучување. Прифатлива е општинска сопственост или соодветно право на користење на државно земјиште. Кај линиската инфраструктура, точната траса и засегнатите катастарски парцели може да се утврдат во текот на проектирањето. Притоа, во апликацијата треба да се објасни познатата имотно-правна состојба и да се идентификуваат евентуалните потребни постапки. Ова не претставува ослободување од обврската за непречена реализација на проектот.

4. Дали проектот мора да биде поименично наведен во усвоен планско-развоен документ на општината или е доволно да произлегува од конкретна цел или мерка? Дали е прифатлива годишна програма усвоена од Советот пред рокот за аплицирање и што треба да се приложи како доказ?

Одговор: Пожелно е проектот да се заснова врз релевантни планско-развојни документи и да биде усогласен со локалните и регионалните приоритети (на пр., Интегриран локален развоен план, ЛЕАП, Стратегија за ЛЕР, урбанистичко-планска документација, итн.). Вклучувањето на јавноста во изборот на предложениот проект се смета за предност (на пример, преку јавни консултации, форуми на заедници, или други начини на вклучување на јавноста во изработката на планската документација).

Во апликацијата треба да се наведат документите од коишто произлегува проектот со назив и релевантен дел. Не е изречно задолжително проектот да биде поименично наведен во годишна програма. Сепак, ако се повикувате на таква програма, наведете го делот што ја поткрепува поврзаноста со проектот.

5. Дали општината може да аплицира со изјава од градоначалникот ако до крајниот рок не е одржана седница на Советот?

Одговор: Да. Општината може да аплицира со задолжителните потпишани изјави од градоначалникот, вклучувајќи ја и изјавата за кофинансирање. Одлуката на Советот се приложува доколку е достапна; нејзиното недоставување при аплицирањето не е причина за исклучување. Ако проектот биде избран за финансирање, соодветната одлука на Советот треба да се обезбеди пред потпишување на договорот за грант. Кај меѓуопштинските и регионалните апликации, потпишаниот документ за соработка останува задолжителен при аплицирањето.

6. Дали е прифатлива поддршка за техничка документација за изградба на натстрешница во дворот на јавно училиште?

Одговор: Да, ако натстрешницата претставува оправдана интервенција во јавната образовна инфраструктура во надлежност на општината и за нејзина изградба е потребно соодветно одобрение за градење. Може да биде и дел од поширок инфраструктурен проект. Ако се работи само за поставување урбана опрема или за интервенција за која не е потребно одобрение, проектот не се квалификува. Во апликацијата треба да се образложат намената, потребата и опфатот на интервенцијата.

7. Дали се поддржува техничка документација за реконструкција на фасади во централното градско подрачје? Може ли проектот да опфати повеќе објекти?

Одговор: Да, може да се поддржи документација за реконструкција на фасади на јавни објекти во надлежност на општината, за кои е потребно одобрение за градење. По правило, се поддржува една инфраструктурна целина со еден комплет документација за едно одобрение. Два комплета за две одобренија се прифатливи само по исклучок, ако се исполнети условите за функционална и/или локациска поврзаност (на пример, заемно поврзани објекти). Заедничката цел за уредување на градското подрачје или една јавна набавка сами по себе не се доволни за да се прифатат повеќе одделни објекти. Фасади на приватни објекти не се поддржуваат.

8. Дали општината може самостојно да аплицира за техничка документација за атмосферска канализација на локална улица ако за приклучување на постојната мрежа е потребна согласност од јавно претпријатие? Кога треба да се обезбеди согласноста?

Одговор: Да. Потребата од согласност од јавно претпријатие не го менува локалниот карактер на проектот и не ја спречува самостојната апликација на општината. Согласноста не е задолжителен прилог при аплицирањето и може да се обезбеди во текот на проектирањето, во соодветната фаза и навреме за обезбедување на потребното одобрение. Во апликацијата треба да се наведат надлежното претпријатие, потребните согласности и планот за нивно обезбедување. Ако претпријатието се планира да управува или ќе ја одржува канализацијата, неговата улога треба да се објасни и во делот за одржливост.

9. Дали постои разлика меѓу техничка документација во градежна смисла и техничка документација за интегриран проект? Дали двата концепта се прифатливи?

- **Техничка документација во градежна смисла:** документација за проектирање, одобрување и изведба на градежни работи.
- **Техничка документација за интегриран проект:** поширок збир технички решенија, проекти, пресметки, спецификации, шеми и елаборати за сите компоненти на проектот.

Одговор: Техничката документација за градежен или интегриран инфраструктурен проект може да биде прифатлива ако се однесува на една инфраструктурна целина и е неопходна за обезбедување соодветно одобрение за градење, во рамките на дозволениот број комплети. Со грантот се финансира само проектирање и поврзани консултантски услуги, а не договор што вклучува и изведба на градежни работи.

10. Дали е прифатлива техничка документација за реконструкција и адаптација на постоен објект за негово пренаменување во дом за стари лица?

Одговор: Да, ваков проект може да биде прифатлив доколку се однесува на јавен објект во општинска сопственост или во државна сопственост за кој општината има соодветно право на користење, проектот е во надлежност на општината и за предвидената интервенција е потребно соодветно одобрение.

Прифатливоста на проектот зависи и од усогласеноста на предвидената намена со важечката урбанистичко-планска документација. За пренаменување на објектот во дом за стари лица, потребно е неговата урбанистичка класификација да одговара на намената В2 – здравство и социјална заштита. Доколку за реализација на проектот е потребна измена на постојниот урбанистички план, проектот не е прифатлив во рамките на овој повик поради времетраењето на постапката и потребата од изработка на посебна планска документација.

Се препорачува општината, во консултација со надлежното одделение за урбанизам, да ја провери и потврди урбанистичката намена на постојниот објект.

Во апликацијата потребно е да се образложат планираната реконструкција и адаптација, новата намена, оправданоста на интервенцијата, придонесот за подобрување на пристапот до социјални услуги, како и начинот на идното управување и одржување на објектот, со јасно утврдена улога и одговорност на општината.

11. Дали една апликација може да опфати водоснабдување на две викенд-населби на различни локации во општината?

Одговор: Да, ако двете населби се дел од едно функционално поврзано водоснабдително решение, на пример заеднички извор со поврзан систем за водоснабдување, и се исполнети условите за бројот на комплети документација и одобренија. Треба да се објасни техничката и локацискатa поврзаност на системот.

Две посебни, независни водоснабдителни мрежи на две различни локации не се прифатливи во една апликација, дури и ако имаат иста цел. Самото постоење заеднички извор не е доволно ако системите не сочинуваат поврзана инфраструктурна целина.

12. Дали за кофинансирањето е доволна потпишана изјава или е потребна и одлука на Советот?

Одговор: При аплицирањето е доволна посебна потпишана изјава за обезбедување најмалку 270.925 МКД за мал или 541.850 МКД за голем грант, како и за покривање евентуални дополнителни трошоци над обезбедените средства. Одлуката на Советот не е задолжителна при аплицирањето, но за избраните проекти треба да се обезбеди пред потпишување на договорот за грант.

13. Дали може да се аплицира за бизнис-инкубатор на парцела што е во сопственост на Република Северна Македонија, а не на општината?

Одговор: Да, доколку општината има соодветно право на користење на државното земјиште за предвидената намена и не постојат имотно-правни пречки за подготовка и реализација на проектот. Во апликацијата треба да се објаснат правната основа за користење на земјиштето и имотно-правниот статус. Бизнис-инкубаторот треба да има јавна намена, да биде во надлежност на општината и да не служи исклучиво на еден приватен корисник.

14. Дали е прифатлива техничка документација за изградба на градски пазар?

Одговор: Да. Градскиот пазар е прифатлив тип јавна инфраструктура. Проектот треба да биде во надлежност на општината, да има јавна намена, да бара соодветно одобрение за градење и да ги исполнува останатите услови на повикот. Потребно е да се образложат потребата од инвестицијата и нејзината поврзаност со развојните приоритети.

15. Дали е прифатлива техничка документација за реконструкција на детска градинка за подобрување на енергетската ефикасност?

Одговор: Да. Може да се поддржи изработка на техничка документација за реконструкција на јавна детска градинка, вклучително и мерки за подобрување на енергетската ефикасност, доколку за интервенцијата е потребно соодветно одобрение за градење.

16. Како може да се добијат дополнителни информации и појаснувања за условите и постапката за аплицирање?

Одговор: Дополнителни прашања може да се испратат на двете официјални е-адреси: contact@rco.gov.mk и naumche.tashovski@undp.org. Појаснувањата и евентуалните измени ќе бидат објавени преку официјалните канали на МЛС/РЦО и УНДП/Проектот и ќе бидат еднакво достапни за сите заинтересирани апликанти.

17. Кога општините треба да ги префрлат средствата за сопствено кофинансирање ако добијат грант, имајќи го предвид затворањето на буџетите за 2026 година?

Одговор: Сопственото кофинансирање се префрла на сметката на УНДП по потпишувањето на договорот за грант, согласно рокот утврден во договорот. Ако општинските буџети за 2026 година се затворени, средствата може да се обезбедат и префрлат од буџетите за 2027 година. Кај заедничките проекти, придонесите се уредуваат во документот за соработка, а носителот ја уплаќа вкупната договорена сума.

18. Дали една апликација може да опфати повеќе од два комплета техничка документација?

Одговор: Не. По правило, една апликација опфаќа еден комплет техничка документација за една инфраструктурна целина и едно одобрение за градење. По исклучок, може да се прифатат најмногу два комплета за две одобренија кога постои функционална и/или локациска поврзаност: проектот се реализира во поврзани фази; опфаќа заемно поврзани разнородни објекти (на пример, канализација и пречистителна станица); или опфаќа истородни објекти на територија на две општини (на пример, линиска инфраструктура која се протега на територијата на двете општини).

19. Дали дополнителниот надоместок од 5% за индиректни административни трошоци треба да биде вклучен во одлуката на Советот за кофинансирање?

Одговор: Дополнителниот надоместок од 5% се пресметува врз вредноста на сопственото кофинансирање и се плаќа над тој износ при префрлањето на средствата кон УНДП. Општината треба да обезбеди средства и за надоместокот, а начинот на негово буџетирање и прикажување во одлуката на Советот го определува согласно своите интерни процедури. Во формуларот за аплицирање се прикажува сопственото кофинансирање за техничката документација, без дополнителниот надоместок.

20. Дали во регионална апликација може да се вклучат стручни и административни лица од општините-партнери или сите капацитети мора да ги обезбеди Центарот за развој на планскиот регион?

Одговор: Да. Во тимот може да се вклучат и стручни и административни лица од општините-партнери. Не е потребно сите капацитети да ги обезбеди исклучиво Центарот. Во апликацијата треба да се наведат институцијата, улогата и одговорностите на секое лице. Центарот како носител останува одговорен за спроведувањето на грантот.

21. Дали е прифатлива техничка документација за нова општинска зграда на сопствено земјиште, без имотно-правни пречки, ако зградата ќе ја користат и други институции?

Одговор: Да, доколку зградата има јавна намена, проектот е во надлежност на општината и ги исполнува останатите услови на повикот. Користењето од повеќе институции не е пречка ако објектот служи за јавни, особено локални услуги, а општината ја задржува одлучувачката улога. Во апликацијата треба да се образложат потребата, корисниците, очекуваните придобивки и начинот на идно управување.

22. Дали општината може да обезбеди поголемо сопствено кофинансирање од минималниот износ утврден со повикот?

Одговор: Да. Утврдените износи се минимални. Општината може да обезбеди поголемо сопствено кофинансирање и да го прикаже во апликацијата и проценатa на трошоците. Ако реалните трошоци ја надминат сумата на доделениот грант и обезбеденото кофинансирање, корисникот треба да ја обезбеди разликата и да ја заврши договорената документација.

23. Дали општината може да поднесе две индивидуални апликации – една за голем и една за мал грант?

Одговор: Не. Општината може да поднесе само една индивидуална апликација, за мал или голем грант. Може да учествува и во најмногу една дополнителна меѓуопштинска или регионална апликација, но без предвидена изведба на инфраструктура на нејзината територија во дополнителната апликација. Ако не поднесува индивидуална апликација, може да биде опфатена во најмногу две заеднички апликации. Во рамките на целиот повик, на територијата на секоја општина може да се поддржи документација за најмногу една инфраструктурна целина. Секој центар за развој на плански регион може да поднесе најмногу една апликација.

24. Дали при образложувањето на усогласеноста со стратешките документи треба да се наведат развојните програми на општината за 2026 или за 2027 година?

Одговор: Нема задолжителна година за локалната развојна програма. Општината може да се повика на програмата за 2026 или 2027 година, зависно од тоа која усвоена програма ја поткрепува поврзаноста на проектот со локалните приоритети. Доколку проектот не е поименично наведен, се образложува неговата врска со конкретна цел или мерка. Во апликацијата треба да се наведе и најмалку една релевантна цел од Стратегијата за регионален развој 2021–2031 и конкретниот придонес на проектот.

25. Дали Центарот за развој на планскиот регион може да поднесе регионална апликација ако сите општини во регионот поднесат индивидуални апликации?

Одговор: Не, доколку сите општини во планскиот регион поднесат индивидуални апликации, Центарот не може дополнително да предложи регионален проект со изведба на инфраструктура на територијата на која било од тие општини. Затоа, потребно е Центарот и општините навреме да ги усогласат локалните и регионалните приоритети и да определат кои проекти ќе се поднесат индивидуално, а кои заеднички.

Од друга страна, самиот повик предвидува повисоки поени за меѓуопштински и регионални проекти наспроти индивидуални општински проекти со цел да го поттикне локалното здружување околу проекти со поширок интерес.

26. Дали Центарот за развој на планскиот регион може да аплицира за линиска инфраструктура што се протега на територијата на три општини?

Одговор: Да, ако линиската инфраструктура претставува една функционално поврзана целина за која може да се изработи еден комплет документација и да се обезбеди едно одобрение за градење, или ако предложениот опфат ги исполнува условите за исклучокот од најмногу два комплета и две одобренија. Три посебни комплета за три одобренија не се прифатливи. Регионалниот проект треба да произлегува од Програмата за развој на планскиот регион и да има конкретни придобивки за најмалку три општини. Бројот на општини што имаат придобивки не мора да биде еднаков на бројот на општини на чија територија се гради инфраструктурата.

27. Дали една апликација може да опфати техничка документација за поставување топлотни пумпи во три училишта?

Одговор: Не, ако се предвидуваат три одделни интервенции во три училишта, со три независни комплета техничка документација. Иста технологија и иста цел за енергетска ефикасност не се доволни за да се третираат како една инфраструктурна целина. Може да се предложи проект за едно училиште, доколку за планираната интервенција е потребно соодветно одобрение за градење. Поставување топлотни пумпи за кое не е потребно одобрение не се квалификува.

28. Колкави се максималните износи на малиот и големиот грант и минималното сопствено кофинансирање?

Одговор: Максималниот износ на мал грант е 1.354.625 МКД, со минимално сопствено кофинансирање од 270.925 МКД. Максималниот износ на голем грант е 2.709.250 МКД, со минимално сопствено кофинансирање од 541.850 МКД. Сите подобни апликанти може да ја изберат категоријата според потребите на проектот, без ограничување според големината на општината, бројот на жители или типот на апликантот.

Минималното кофинансирање е 20% од максималниот износ на избраната категорија, независно од побараниот или одобрениот износ и од вредноста на договорот по јавната набавка. При уплатата кон УНДП дополнително се плаќа надоместок од 5% од сопственото кофинансирање.

29. Дали е прифатлива техничка документација за фотоволтични централи за напојување пумпи за водоснабдување на повеќе локации во општината? Дали е потребно одобрение за градење?

Одговор: Да, техничка документација за фотоволтаична централа наменета за напојување пумпи за јавно водоснабдување може да биде прифатлива ако е потребно соодветно одобрение за градење. Доколку на повеќе локации се предвидуваат независни централи за одделни пумпи, тие не се прифатливи во една апликација само затоа што имаат иста цел. Може да се предложи една локација како пример за понатамошно проширување. Доколку се предлага едно функционално и локациски поврзано решение, прифатливоста зависи од инфраструктурната целина и дозволениот број комплети и одобренија. За конкретното решение, потребата од одобрение се утврдува според применливите прописи и со надлежната институција. Ако не е потребно одобрение, проектот не се квалификува.

30. Дали јавен инфраструктурен објект може да се изгради преку јавно-приватно партнерство или да се даде на управување на приватен концесионер?

Одговор: Да. Јавно-приватно партнерство, концесија и приватно финансирање се прифатливи за идната инвестиција. При аплицирањето, објектот, односно локацијата за нов објект, треба да биде во општинска сопственост. Приватен партнер може да ја финансира инвестицијата или да управува со јавниот објект, под услов да се обезбедат јавниот интерес, јавната намена и пристапот до услугите, а општината да ја задржи сопственоста и одлучувачката улога. Проекти во приватна сопственост не се прифатливи. Се финансира само техничката документација неопходна за одобрение за градење, не изградбата или концесискиот аранжман.

31. Дали е прифатлива техничка документација за изградба на подземен јавен паркинг во централното градско подрачје, на локација на постоен јавен парк? Дали грантот може да ги опфати потребните геотехнички истражувања и придружни елаборати?

Одговор: Да, ваков проект може да биде прифатлив во категоријата комунална и транспортна инфраструктура, доколку придонесува за подобрување на сообраќајните услови, безбедноста и достапноста на јавните паркинг-места.

Предуслов е предвидената изградба да биде во согласност со важечката урбанистичко-планска документација и намената на земјиштето. Се препорачува општината, во консултација со надлежното одделение за урбанизам, да ја провери можноста за изградба на подземен паркинг на предложената локација. Во апликацијата потребно е да се образложат урбанистичките предуслови, оправданоста на проектот и предвиденото зачувување и уредување на јавниот простор над паркингот.

Грантот може да ги опфати геодетските, геотехничките, геомеханичките и другите потребни истражувања, како и придружните технички елаборати, доколку се составен дел од техничката документација неопходна за обезбедување на одобрението за градење.

32. Дали може да се аплицира за техничка документација за фотоволтаични централи за јавни институции во најмалку три општини, предвидени во нивните општински енергетски планови?

Одговор: Изработката на техничка документација за користење обновливи извори на енергија за јавни потреби е прифатлива во рамките на повикот.

Центарот за развој на планскиот регион може да поднесе една регионална апликација за проект што произлегува од Програмата за развој на планскиот регион и обезбедува конкретни придобивки за најмалку три општини.

Сепак, предложената инфраструктура треба да претставува функционално и/или локациски поврзана целина, со почитување на ограничувањето за бројот на комплети техничка документација и одобренија за градење. Три или повеќе независни фотоволтаични централи на различни локации, за кои се потребни посебни комплети документација, не може да бидат опфатени со една апликација само врз основа на нивната заедничка цел за енергетска ефикасност.

Може да се разгледа заедничко инфраструктурно решение што ги исполнува условите на повикот и обезбедува конкретни придобивки за најмалку три општини. Вкупната проценета вредност на техничката документација треба да биде покриена со побараниот грант и сопственото кофинансирање.

33. Дали може да се аплицира за техничка документација за јавно осветлување во најмалку три општини?

Одговор: Јавното осветлување, вклучително и изградба или осовременување на системите за јавно осветлување со цел подобрување на енергетската ефикасност, е опфатено со повикот.

Центарот за развој на планскиот регион може да поднесе регионална апликација доколку проектот обезбедува конкретни придобивки за најмалку три општини и ги исполнува условите за функционална и/или локациска поврзаност на инфраструктурата.

Три независни системи за јавно осветлување во три општини, за кои се потребни три посебни комплети техничка документација, не може да бидат предмет на една апликација. Може да се разгледа заедничко инфраструктурно решение што ги почитува ограничувањата на повикот и за кое е потребно соодветно одобрение за градење.

Инфраструктурата треба да има јавна намена и да биде во надлежност на општините, со јасно утврдени одговорности за нејзиното идно управување и одржување.

34. Дали може да се аплицира за изработка на комплетна техничка документација, од урбанистички проект до документација неопходна за обезбедување одобрение за градење, за регионален објект за рециклирање на градежен отпад?

Одговор: Да, ваков проект може да биде прифатлив во категоријата инфраструктура за заштита на животната средина, односно управување со отпад.

Центарот за развој на планскиот регион може да поднесе апликација за регионален објект за собирање, третман и рециклирање на градежен отпад, доколку проектот произлегува од Програмата за развој на планскиот регион и обезбедува конкретни придобивки за најмалку три општини.

Грантот може да ги опфати сите потребни проектантски и поврзани консултантски услуги за изработка на комплетната техничка документација неопходна за обезбедување одобрение за градење. Урбанистички проект може да се финансира доколку е составен дел од документацијата за предложената инфраструктурна целина, но не и како самостоен предмет на грантот.

Во апликацијата потребно е да се образложат локацијата, имотно-правните и урбанистичките предуслови, предвидениот капацитет на објектот, придобивките за опфатените општини и начинот на неговото идно управување и одржување.

35. Дали е прифатлива техничка документација за зголемување на капацитетот на постоен резервоар за вода за пиење од 1.000 м^3, доколку за реализацијата на проектот е потребно одобрение за доградба?

Одговор: Да, ваков проект може да биде прифатлив во категоријата комунална инфраструктура, односно водоснабдителни системи. Изработката на техничка документација за доградба на постоен резервоар е прифатлива доколку документацијата е неопходна за обезбедување на соодветното одобрение за (до)градба.

Во апликацијата потребно е да се образложат проблемот со водоснабдувањето, потребата од зголемување на капацитетот, предложеното техничко решение и очекуваните придобивки за корисниците.

Во зависност од расположливите информации, може да се предвиди доградба на дополнителна комора, функционално поврзана со постојниот резервоар, или проширување на постојната конструкција. Конечното техничко решение треба да се утврди во процесот на изработка на техничката документација, имајќи ги предвид конструктивните, хидротехничките и геотехничките услови, инвестициските трошоци и потребата од обезбедување континуирано водоснабдување.

Во апликацијата се наведува предвидениот вид на одобрение врз основа на расположливите информации и консултациите со надлежното одделение за урбанизам.